**Картичка за потсетување на пациенти**

Erivedge® може да му наштети или да предизвика смртност на Вашето нероденo дете.

Пациентки кои се во можност да забременат мора:

- Секогаш да користат **2 форми** на препорачана контрацепција за време на лекувањето и во период од 24 месеци од последната примена доза (Ве молиме видете во „Erivedge® Програм за превенција на бременост: Информации за пациенти кои се лекуваат со Erivedge®" за повеќе информации).
- Еднаш месечно да спроведуваат тестови за бременост.

Машките пациенти мора:

- Секогаш да користат кондом (по можност со спермицид) кога имаат сексуален однос со партнерка за време на лекувањето и во период од 2 месеци по последната примена доза.
- Да не донираат сперма за време на лекувањето и во период од 2 месеци од последната примена доза.

Веднаш мора да разговарате со Вашиот лекар или здравствен работник ако кај Вас или кај Вашата партнерка се изостави менструација, има невообичаено крварење, се сомнева на бременост или е бремена.

- Женски пациентки: Разговарајте со Вашиот лекар ако се сомневате на бременост додека го примате лекот Erivedge® и во период од 24 месеци од последната примена доза.
- Машки пациенти: Разговарајте со Вашиот лекар ако Вашата партнерка се сомнева на бременост додека Вие го примате лекот Erivedge® и во период од 2 месеци од последната примена доза.

Сите пациенти:
Никогаш да не го даваат овој лек на никого.
Да не донираат крв за време на лекувањето и во период од 24 месеци од последната примена доза. На крајот на лекувањето вратете ги сите неискористени капсули.

Контакт телефонски број во итни случаеви

| | |
|---|---|
| За време на работно време: | |
| Надвор од работно време: | |

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • СКОПЈЕ •

Верзија 2.0.1, Мај 2019

Во случај на сомневање на несакан настан пријавете го до:

Оддел за безбедност на лекови
РОШ Македонија ДООЕЛ Скопје
Адреса: ул. Св. Кирил и Методиј бр. 7 кат 2
Тел: 02 3103 500
Email: macedonia.drugsafety@roche.com

Алтернативно секое сомневање за несакан настан пријавете го до:

Национален центар за фармаковигиланца при Агенцијата за лекови и медицински средства (МАЛМЕД)
Адреса: ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 кат 1
Тел: 02 5112 394
или по електронски пат преку веб страната на Агенцијата http://malmed.gov.mk/
Email: farmakovigilanca@malmed.gov.mk

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • СКОПЈЕ •

Верзија 2.0.1, Мај 2019